Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 јануари 2021 година

Скопје, јануари 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 јануари 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република
Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Деветнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 јануари 2021 година

2. Годишна инвестициона програма на ЈП за стопанисување со пасишта за 2021 година, со Предлог - одлука

3. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје за 2021 година, Финансиски план и Програма за работа и развој за 2021 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" – Скопје, со Предлог - одлука

4. Годишна инвестициона програма за 2021 година на ЈПВ „Лисиче" -Велес, Финансиски план и Програма за работа за 2021 година на ЈПВ „Лисиче" –Велес, со Предлог-одлука

5. Програма за работа 2021 и Финансиски план за 2021 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, со Предлог-одлука

6. Годишна инвестициона програма на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип за 2021 година, Финансиски план и Програма за работа за 2021 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип, со Предлог-одлука

7. Предлог-годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година

8. Бизнис план на Јавното претпријатије за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2021 година, Инвестициона програма за период 2021 – 2023 година и Финансиска програма за 2021 година, со Предлог – одлука

9. Инвестициона програма на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија" за 2021 година, со Предлог-одлука

10. Програма за давање на услуги на воздухопловна навигација, Финансиски план и Инвестициона програма на М-НАВ А.Д. Скопје за 2021 година, со предлог-одлуки

11. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година и Програма за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година, со Финансиски план

12. Финансиски план за 2021 година и Годишен план за работа за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството –Битола, со Предлог-одлука

13. Годишна програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог-одлука

14. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог-одлука

15. Годишна програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2021 година

16. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2021 година, со Предлог-одлука

17. Предлог - програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите на млади и младински чадор организации за 2021 година

18. Предлог-програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2021 година

19. Предлог-програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2021 година

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција, по скратена постапка

21. Тарифник за вредност на работите од урбанистичко планирање усвоен на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, со Предлог-одлука

22. Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

23. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година

24. Програма за работа на Агенцијата за иселеништво за 2021 година

25. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2021 година

26. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2021 година

27. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна инвалидност, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2021 година

28. Информацијата за Годишна програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот Крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри, со Предлог-одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри за 2021 година

29. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2021 година

30. Предлог - програма за рана детекција на малигни заболувања за 2021 година во Република Северна Македонија

31. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2021 година

32. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2021 година

33. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2021 година

34. Предлог-програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2021 година

35. Предлог-националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2021 година

36. Предлог-програма „Здравје за сите“ за 2021 година

37. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2021 година

38. Предлог-програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2021 година

39. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2021 година

40. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2021 година

41. Предлог програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2021 година

42. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2021 година

43. Предлог-програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2021 година

44. Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2021 година

45. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија за 2021 година

46. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2021 година

47. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2021 година

48. Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2021 година

49. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2021 година

50. Предлог-одлука за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Прилеп и Општа болница Прилеп во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност- Прилеп

51. Кадровски прашања

52. Прашања и предлози

53. Годишна програма и Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2021 година

54. Финансиски план и Програма за работа и развој на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2021 година

55. Годишен план за работата на Инспекциски совет за 2021 година

56. Годишен финансиски план за 2021 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Скопје

57. Извештај за извршени преговори за потпишување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната

58. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на водите

59. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на шумарството

60. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Националната установа Музеј на тетовскиот крај - Тетово

61. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Караџовски против Северна Македонија А.бр.27840/16 и 15 други апликации и Бакалов против Северна Македонија А.бр.27883/16 и 15 други апликации

62. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Ј.М. и А.Т. против Северна Македонија А.бр.79783/13

63. Предлог на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници

64. Информација за измена на заклучокот на Владата бр. 44-7523/1 од 11 август 2020 година, усвоен по основ на Информацијата на Министерството за правда за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд

за човекови права Антовски и други против Република Северна Македонија, А.бр. 68160/17

65. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Деветнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 јануари 2021 година.

**Точка 2**

Владата по  Годишната инвестициона програма на ЈП за стопанисување со пасишта за 2021 година, со Предлог – одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата по Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје за 2021 година, Финансискиот план и Програмата за работа и развој за 2021 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, со Предлог-одлука (нов текст) и дополнување ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестиционата програма за 2021 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Програмата за работа и развој за 2021 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје и Финансискиот план за 2021 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата заклучи, согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, потребно е да се достави табеларен преглед на Инвестиционата програма на Претпријатието за 2020 година споредена со Инвестиционата програма за 2021 година.

## Точка 4

Владата по Годишната инвестициона програма за 2021 година на ЈПВ „Лисиче" - Велес, Финансискиот план и Програмата за работа за 2021 година на ЈПВ „Лисиче" – Велес, со Предлог-одлука, заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишната инвестициона програма за 2021 година на ЈПВ „Лисиче" – Велес, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2021 година на ЈП за водостопанство „Лисиче" - Велес и Финансискиот план за 2021 година на ЈП за водостопанство „Лисиче" - Велес, како материјали за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

## Точка 5

Владата по новиот текст на Програмата за работа за 2021 година на Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро берза" - Скопје и Финансискиот план за 2021 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро берза - Скопје, со Предлог – одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро берза"- Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

2. Го разгледа новиот текст на Програмата за работа за 2021 година на Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро берза" – Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 6

Владата по Годишната инвестициона програма на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2021 година, Финансискиот план и Програмата за работа за 2021 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности „Хидросистем Злетовица" - Пробиштип, со дополнувањето и Предлог – одлука заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма на Јавно претпријатие за извршување на водостопански

дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип за 2021 година, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2021 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип и Финансискиот план за 2021 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности „Хидросистем Злетовица"- Пробиштип, како материјали за информирање.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата по најновиот текст на Бизнис планот на Јавното претпријатије за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" - Скопје за 2021 година, Инвестициона програма за период 2021 – 2023 година и Финансиска програма за 2021 година, со Предлог – одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2021-2023 година и Финансиската програма за 2021 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, со заклучок во членот 2 од Одлуката да изостанат зборовите „а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во Системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата по Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог–одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата по Програмата за давање на услуги на воздухопловна навигација, Финансискиот план и Инвестиционата програма на „М-НАВ" А.Д. Скопје за 2021 година, со предлог-одлуки (нов текст) и дополнување ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2021 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2021 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ А.Д Скопје, во предложениот текст.

3. Ја разгледа Инвестиционата програма на „М-НАВ“ А.Д. Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година  и Програмата за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година со  Финансиски план за наредната седница, поради потребата од дополнителни усогласувања, согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 12**

Владата по Финансискиот план за 2021 година и Годишниот план за работа за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството –Битола, со Предлог-одлука, заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за потврдување на Финансискиот план за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во која да се додаде член 2 кој ќе гласи „Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

2. Ја разгледа Годишната програма за работа, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година (нов текст), со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување на текстот на Предлог- програмата со Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување на текстот на Предлог- програмата со Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 15**

Владата ја донесе Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата по новиот текст на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2021 година, со Предлог – одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во Системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите на млади и младински чадор организации за 2021 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2021 година, со заклучок истата да се преработи во насока да се зголемат средствата за реконструкција на лифтовите во објектот на Министерството за економија, согласно расправата на седницата.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2021 година, со заклучок, во делот VII, да се избришат зборовите „а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година.“ .

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

**Точка 20**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција, по скратена постапка за наредната седница, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 21**

Владата по Тарифникот за вредност на работите од урбанистичкото планирање, со Предлог – одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за вредност на работите од урбанистичкото планирање, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања по текстот на материјалот.

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, со заклучок, во точка 2 од Програмата, во делот б) активности, во алинејата 5 по зборовите „солидарност и заедништво“ да се додадат зборовите: „едно општество за сите,“.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Агенцијата за иселеништво за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на предметната Програма согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во смисла да прецизира колку средства се потребни за да се измират обврските за капитални инвестиции за објекти за социјална заштита и домови за стари лица.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог- програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на предметната Програма согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во смисла да прецизира колку средства се потребни за да се измират обврските за капитални инвестиции за објекти за детска заштита.

**Точка 27**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Годишна програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2021 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија, со заклучок, членот 4 од Одлуката да се преформулира во смисла дека истата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Точка 29**

Владата ја донесе Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2021 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата „Здравје за сите“ за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2021 година, (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Прилеп и Општата болница Прилеп во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Прилеп и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот текстот на истата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 51**

**1.** Владата ја именува Кети Василеска, досегашен вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација за вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата го разреши Ѓоко Танасоски од должноста директор на Царинска управа, орган во состав на Министерството за финансии.

2.1. Владата го именува м-р Горан Сугарески, за вршител на должноста директор на Царинска управа орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата го именува Зулфиќар Зејнулаи, за вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**4.** Владата го разреши Васко Паскали од должноста директор на Јавната установа „Национален парк Галичица", Охрид, на негово барање.

4.1.Владата го именува Александар Миљовски за вршител на должноста директор на Јавната установа „Национален парк Галичица", Охрид.

**5.** Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот за именување на Исни Јакупи за директор на Управата за водостопанство, орган во состав на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**6.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица" – Кичево, да го разреши од должност директорот на ЈП за водоснабдување „Студенчица" – Кичево Урим Ахмети, а за вршител на должност да ја именува Ардита Дани.

**7.** Владата се информираше за оставката на Нехри Емрула од должноста директор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија и заклучи да му препорача на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија да го разреши од должноста директор, а за вршител на должноста директор да го именува Дарио Николовски.

## Точка 52

**1.** Владата по повод Барањето за финансиска помош од Општина Костајница, Република Српска, Босна и Херцеговина во врска со настанатата материјална штета на подрачјето на општината како последица на земјотресот што се случи на 29 декември 2020 година го задолжи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог- одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во износ од 500.000,00 денари, наменети за доделување на помош, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 30 декември 2020 година до 5 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 2 јануари 2021 година до 8 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата на предлог на д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи заклучи да се измени Решението за назначување на координатор и членови во Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања, во кое наместо „д-р Александар Литовски, директор на НУ Завод и Музеј во Битола“ да биде „доц. д-р Исамедин Азизи, научен соработник во Институтот за национална историја.

Согласно ова, Министерството за надворешни работи да подготви и до Владата да достави предлог - решение, кое да се смета за донесено на оваа седница на Владата.

## Точка 53

Владата ги разгледа Годишната програма и Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2021 година, со дополнувањето, како материјали за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 54**

Владата ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа и развој на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјали за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Годишниот план за работа на Инспекциски совет за 2021 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Годишниот финансиски план за 2021 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храна, со усогласен текст на Договор и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната.

2. Се овластува Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната.

**Точка 58**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на водите, со усогласен текст на Меморандум и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на водите.

2. Се овластуваат Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, да го потпишат Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на водите.

**Точка 59**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на шумарството, со усогласен текст на Меморандум и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на шумарството.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на шумарството.

3. Го овласти Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на шумарството.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Националната установа Музеј на тетовскиот крај - Тетово, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Караџовски против Северна Македонија А.бр.27840/16 и 15 други апликации и Бакалов против

Северна Македонија А.бр.27883/16 и 15 други апликации и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Караџовски против Северна Македонија А.бр.27840/16 и 15 други апликации и Бакалов против Северна Македонија А.бр.27883/16 и 15 други апликации.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите од предметите Караџовски против Северна Македонија А.бр.27840/16 и 15 други апликации и Бакалов против Северна Македонија А.бр.27883/16 и 15 други апликации ќе исплати вкупно 28.600 евра за 32 апликации во поединечни износи како во табелите составен дел на Информацијата.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите од предметите Караџовски против Северна Македонија А.бр.27840/16 и 15 други апликации и Бакалов против Северна Македонија А.бр.27883/16 и 15 други апликации во предметите пред Европскиот суд за човекови права, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на секој поединечен предмет.

## Точка 62

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за правосилност на пресудата на ЕСЧП во случајот Ј.М. и А.Т. против Северна Македонија А.бр.79783/13, ја усвои Информацијата и донесе Одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, што Министерството за финансии ќе ја достави до Владата.

## Точка 63

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон кој се донесува во редовна постапка со следните заклучоци:

1. Во член 1 од текстот на Предлогот на закон по зборовите „25.12.2020 година", се додаваат зборовите „како и до 31.03.2021 година".

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Заклучокот на Владата бр. 44-7523/1 од 11 август 2020 година, усвоен по основ на Информацијата на Министерството за правда за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Антовски и други против Република Северна Македонија, А.бр. 68160/17, ја усвои Информацијата и заклучи да се измени Заклучокот број 3 од точка 11, од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 август 2020 година и истиот да гласи:

- Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, најдоцна до 15 јануари 2021 година, да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, Антовски и други против Република Северна Македонија, А.бр. 68160/17 на петте апликанти Деспот Антовски, Душко Антовски, Данијела Таневска, Небојша Таневски и Анкица Антовска да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање (3.600 евра) на предметот, односно вкупно 3.240 евра во денарска противвредност.

## Точка 65

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со заклучок предлагачот текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**